**ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ ВО КАТАСТАРОТ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/15 година, 4/2015 и 179/2017)**

**-интерен пречистен текст-**

**Член 1**

Со овој тарифник се пропишува висината на надоместокот за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти.

**Член 2**

Висината на надоместокот за запишување на инфраструктурните објекти изнесува:

| Р. бр. | Вид на запишување | Единица мерка | Висина на надоместок во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Запишување/евидентирање на инфраструктурен објект (линиски) | 1 $м^1$ | 1 |
| 2 | Запишување/евидентирање на инфраструктурен објект (отворена површина) | 1 $м^2$ | 1 |
| 3 | Запишување/евидентирање на инфраструктурен објект (волумен) | 1 $м^3$ | 1 |
| 4 | Запишување/евидентирање на инфраструктурни објекти поставени на стопа | објект | 1000 |
| 5 | Доставување на пријава за запишување/евидентирање преку трговец поединец овластен геодет/трговско друштво за геодетски работи | По пријава | 300 |

**Член 3**

За запишувања на инфраструктурни објекти за кои со овој тарифник не е утврдена висината на надоместокот, ќе се плаќа паушален надоместок во висина од 1000 денари поеден правен основ.

**Член 4**

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата наРепублика Македонија.